

ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2024 ГОДИНА

**СОДРЖИНА**

**ВОВЕД**........................................................................................................5

**ВИЗИЈА, МИСИЈА И ДОЛГОРОЧНИ ЦЕЛИ**........................................................... 6

**ЦЕЛНА ГРУПА**.............................................................................................................. 7

**ОСНОВНА ДЕЈНОСТ И ЗАДАЧИ**................................................................................ 7

**СТОЛБ 1 - ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ПРИВАТЕН СЕКТОР**........................9

- Финансиска поддршка на приватниот сектор преку Планот за економски раст на Владата на РСМ, Столб 3 ....................................................................................9
- Поддршка на самовработување преку развој на иновативни бизниси „ИНгрупа" ..........................................................................................................................13
- Зајакнување на капацитетите на Фондот преку техничка поддршка од Светската банка..........................................................................................................................13
- Развој на нови и подобрување на постојните механизми за поддршка на приватниот сектор ..........................................................................14

**СТОЛБ 2 - ПОДДРШКА ЗА БИЗНИС РАЗВОЈ**........................................................15

- Техничка помош за Апликанти и менторска програма за корисници.................15
- Развојна програма за таргетирани менторства.......................................................16
- Имплементација на менторски програми во соработка со корпоративниот сектор..........................................................................................................................16
- Програма за корпоративна иновативност...............................................................16
- Национална стратегија за вештачка интелигенција...............................................17
- Стратешко партнерство со Amazon Web Service.....................................................17
- Партнерства со банки ...............................................................................................17
- Економски државјанства...........................................................................................18
- Партнерства...............................................................................................................18
    - Соработка со домашни партнери.....................................................................19
    - Соработка со меѓународни партнери...............................................................21
    - Други партнерства.............................................................................................24
    - Тематски предизвици........................................................................................24
        - Зелена економија...........................................................................25
        - Дигитализација на јавниот сектор .................................................25
        - Стартап хабови и хабови за дигитална иновација (Digital Innovation Hub – DIH).......................................................................26
        - Синџир на снабдување / Supply chain............................................26
        - Здравствена технологија (Healthtech)............................................26
        - Финансиска технологија (Fintech)..................................................27

**СТОЛБ 3 - СТАРТАП ЕКОСИСТЕМ**...........................................................................28

**СТОЛБ 4 – ТРОЕН/ЧЕТВОРЕН ХЕЛИКС СИСТЕМ**.................................................30

- ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА.......................................................................................30
    - Предизвик за млади истражувачи..............................................................31
    - Поддршка на успешни глобални образовни програми кои го поттикнуваат критичкото размислување, иновтивноста, креативоста и НТИУМ кај учениците и младите............................................................32
    - Поддршка на научно-технолошката извонредност и претприемништвото кај учениците и младите...................................................................32
    - Платформа за вмрежување и мобилизарње и рационализација на ресурси ..............................................................................................33
- СОРАБОТКА ПОМЕЃУ АКАДЕМСКАТА И НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА ЗАЕДНИЦА И ПРИВАТНИОТ СЕКТОР ..........................................................33
- ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ...........................................................................34
    - Иновациски ваучери.................................................................................34
      Колаборативни грантови...........................................................................34
- ИНОВАЦИСКАИНФРАСТРУКТУРА................................................................35
    - Национална канцеларија за трансфер на технологии..............................35
    - Лабараторции за производство“FAB LABS”..............................................35
    - Лабаратории за истражување, креирање и иновативност „MAKERSPACE“...........................................................................................35

**СТОЛБ 5 – ФИТР ИМПАКТ**...........................................................................35

- Анализа на портфолио на корисници на Фондот од приватен сектор.................35
- Анализа на финансиски перформанси од работењето на корисниците на Фондот..........................................................................................................36
- МАРКЕТИНГ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ.............................................................37
- НАБЉУДУВАЊЕ И ОЦЕНА (мониторинг на корисници)...................................38

**ОПШТИ ПРАВНИ РАБОТИ И ФИНАНСИИ**..........................................................38

- Управување...................................................................................................38
- Организациска структура..............................................................................39
- Други процеси................................................................................................40
- Завршна одредба............................................................................................40

Врз основа на член 28 став 1 од Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 79/13, 137/13, 41/14, 44/15, 6/16, 53/16, 190/16 и 64/18 ) и член 20 став 2 алинеја 4 од Статутот на Фондот за иновации и технолошки развој, Управниот одбор на Фондот, на предлог на директорот на Фондот, на седницата одржана на __________ 2024 година донесе

**ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА**

**НА ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ**

**ЗА 2024 ГОДИНА**

Програмата за работа на Фондот за иновации и технолошки развој на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст ФИТР) за 2024 година е во функција на остварување на стратешките приоритети на Фондот за иновации и технолошки развој

Програма за работа го опфаќа периодот од 1 јануари до 31 декември 2024 година.

Вкупна вредност: **1.178.912.085,00** (една милијарда сто седумдесет и осум милиони деветстотини и дванаесет илјади и осумдесет и пет денари).

## ВОВЕД

Фондот за иновации и технолошки развој е правно лице основано во согласност со Законот за иновациската дејност, регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија со решение број 30120130043573 од 16.12.2013 година и матичен број 6920098.

ФИТР има за цел промовирање и поттикнување на иновациската дејност, подобрен пристап до финансиските услуги за иновации, развивање инфраструктура за иновации и технолошки развој и развој на партнерства. Главна цел е поттикнување примена на иновациите кај домашните компании, преку обезбедување дополнителни извори за финансирање на иновациите, како основа за градење конкурентна економија заснована на знаење.

Оваа цел ја остваруваме преку поддршка во креирањето и примената на развојните политики, преку поддршка на усвојувањето на релевантно законодавство и другите социјално важни процеси, кои имаат влијание врз поттикнувањето на факторите за успешно позиционирање на Република Северна Македонија преку давање кофинансирани грантови за иновации и технолошки развој, техничка помош за компаниите за олеснување на пристапот до регионалните фондови, еквити и мезанин инвестиции и финансиска помош за истражување.

Според своите програмски определби и развојна политика, ФИТР може да учествува и во кофинансирање програми и други активности ако се организирани и финансирани од меѓународни организации, финансиски институции и тела и други странски и домашни правни и физички лица.

Со спроведување на зацртаните цели, активно придонесуваме за забрзан технолошки развој што се темели на трансфер на знаења, развојни истражувања и иновации што придонесуваат за економски раст и развој, но и за подобрување на деловната клима за развој на конкурентска способност на претпријатијата.

## ВИЗИЈА, МИСИЈА И ДОЛГОРОЧНИ ЦЕЛИ

*Визијата* на Фондот за иновации и технолошки развој е да биде централна институција за поддршка на одржлив економски развој преку поттикнување иновации и технолошки развој. За да ја оствари оваа визија, ФИТР ќе реализира повеќе нови иницијативи во развивањето и во давањето финансиски и нефинансиски услуги кон претпријатијата и со систематска и современа едукација и поддршка на сите релевантни чинители во општеството.

*Мисијата* на ФИТР е поттикнување и поддршка на иновациската дејност во микро, малите и средните претпријатија, со цел остварување забрзан технолошки развој, базиран на трансфер на знаење, на истражување за развој и на иновации што придонесуваат кон создавање нови работни места и за економски раст и развој, истовремено подобрувајќи ја бизнис-средината за развој на конкурентските способности на компаниите.

*Приоритети и цели*:

- Подобрен пристап до финансиските услуги за иновации и технолошки развој,
- Промовирање и поттикнување на иновациската дејност,
- Јакнење на иновациската инфраструктура во насока на поврзување на јавните институции, академската и научната заедница, индустријата и граѓаните,
- Обезбедување одржливост на успешните мерки за поддршка на иновациската дејност,
- Воведување нови мерки за поддршка на иновациската дејност во насока на надминување на слабостите во националниот иновациски екосистем.

Целта на ФИТР е поттикнување на иновациите преку обезбедување дополнителни извори за финансирање, како придонес кон градење конкурентна економија заснована на знаење.

Зацртаните цели се спроведуваат преку постојни инструменти и мерки за поддршка и работиме на развој на нови мерки за поддршка на иновациите и технолошкиот развој.

**Нашите активности вклучуваат:**

- Кофинансирање стартапи, микро, мали и средни претпријатија, регистрирани во Република Северна Македонија;
- Национален старт-ап совет, кој го изготви првиот документ со предлог-мерки за законски измени и чија цел е трансформација на македонскиот старт-ап екосистем;
- Програма за корпоративна иновативност, со цел поттикнување соработката помеѓу приватниот сектор и стартапите;
- Партнерство со Amazon Web Services преку што ФИТР обезбедува кредити за користење на оваа глобална платформа во износ од 10.000, 25.000 и 100.000 американски долари;
- Засебно портфолио за инвестиции во дигитализација на земјоделството и на јавните институции;
- Изработка на Национална стратегија за вештачка интелигенција;
- Менторска поддршка за потенцијални и за тековни корисници.

**ФИТР ги поддржува и талентираните основци, средношколци и студенти**

Во рамките на четирите предизвици „Предизвик за млади истражувачи", беа наградени 123 училишни проекти, во кои учествуваат повеќе од 900 ученици и ментори од целата држава. За првпат спроведовме и Предизвик за воспоставување лаборатории за производство „Младите создаваат". Преку поддршката на „Џуниор ачивмент Македонија" и програмата за претприемничко образование во сите средни училишта низ земјава поддржавме преку 700 ученици и 100 наставници. Во рамките на програмата „UpShift", ФИТР награди 32 најуспешни идеи.

## ЦЕЛНА ГРУПА

- **Директни корисници:**
- Микро, мали и средни претпријатија
- Образовни, високообразовни и научни установи
- Здруженија на граѓани и фондации
- Други правни и физички лица определени во одредби на релевантните подзаконски акти

- **Индиректни корисници:**
- Јавни институции
- Големи претпријатија
- Сите учесници во образовниот процес (ученици, студенти, наставници, родители, академски кадар и др.)
- Граѓаните на Република Северна Македонија

## ОСНОВНА ДЕЈНОСТ И ЗАДАЧИ

Основна дејност на ФИТР е обезбедување финансиска поддршка на претпријатија, регистрирани во Република Северна Македонија, со цел поттикнување на иновациската дејност преку кофинансирани грантови што се доделуваат на конкурентна основа.

Основните задачи на ФИТР се следните:

- финансирање, подготовка, реализација и развој на програми, проекти и други активности од областа на спроведувањето на иновациската политика и поддршка на приватниот сектор;
- професионални и други работи во врска со обезбедување средства во ФИТР, управување со тие средства и нивно користење;
- посредување во финансирањето на иновациската дејност од средства на меѓународните организации, финансиски институции и тела, како и домашни и странски правни и физички лица, особено во областите на науката и технологијата, според приоритетите утврдени во стратегијата за иновации;
- водење база на податоци за корисниците на средствата доделени од ФИТР, идентификациски податоци за субјектите на кои им се одобрени средствата, програмите, проектите и другите активности во областа на иновациската дејност што ги финансира ФИТР, како и потребните и достапните финансиски средства за нивна реализација;
- поттикнување и склучување соработка со меѓународни и со домашни финансиски институции, но и со други правни и физички лица, поради финансирање на иновациската дејност, во согласност со иновациската политика и други стратешки планови и програми, како и со ратификувани меѓународни договори;
- учество во основање Национална канцеларија за трансфер на технологии, за поддршка и поттикнување на соработката на универзитетите со индустријата;
- учество во основање Научно-технолошки парк, со цел поддршка на научноистражувачката дејност и поттикнување соработка помеѓу универзитетите и приватниот сектор;

- избор на друштво за управување со приватни фондови преку јавен повик што ќе управува со средствата на ФИТР, наменети за реализација за инструментите за еквити и мезанин инвестициите;
- основање Фонд за еквити и мезанин инвестиции и донесување статут и проспект на Фондот за еквити и мезанин инвестиции, и
- следење и евалуација на проектите за кои има доделено средства, со цел развивање претприемачко општество во Република Северна Македонија.

ФИТР своите задачи ги исполнува преку доделување финансиски средства за:

- обезбедување услуги и почетен капитал за основање и раст на трговски друштва преку доделување финансиски средства за иновациски проекти;
- доделување кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации, технолошки развој, иновациски ваучери;
- поттикнување на приватните инвестиции и финансирање развојни и/или иновациски проекти во сите фази на развојот преку сопственички капитал и преку комбинација на сопственички капитал и кредити, преку обезбедување поволни извори на кредит и гаранции за инвеститорите,
- поддршка за формирање приватни фондови преку инвестирање средства или гарантирање добивка од инвестираните средства; и
- поттикнување на иновативноста во приоритетните области од науката и од технологијата во согласност со стратегијата за иновации.

## ❖ СТОЛБ 1: ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ПРИВАТЕН СЕКТОР

**Финансиска поддршка на приватниот сектор преку Планот за економски раст на Владата на РСМ, Столб 3**

ФИТР како носител на третиот столб од Планот за економски раст на Владата на Република Северна Македонија за поддршка на развојот на микро, мали и средни претпријатија (во понатамошниот текст: „ММСП“), а во координација со Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Кабинетот на заменикот на Претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, ќе продолжи да работи на активности поврзани со спроведување на Столб 3 од Планот за економски раст. Станува збор за мерки за поттикнување на инвестициите, извозот и конкурентноста на македонската економија, и тоа:

**(а) Мерка 1: Поддршка на микро, мали и средни претпријатија (ММСП) со тенденција на брз пораст („газели“);**

Поддршката се обезбедува за следниве инвестициски активности и трошоци:

- прифаќање и спроведување на европските технички прописи во однос на безбедноста на производите;
- подготовки за стекнување сертификати за квалитет;
- активности за анализа, подготовка, стекнување и заштита на правата за индустриска и интелектуална сопственост;

- подготовка и спроведување активности за подобрување на енергетската ефикасност;
- изработка на елаборати за заштитата на животната средина;
- подготовка и воспоставување системи за управување со отпадот;
- воведување информациски системи;
- трошоци за техничка поддршка (експертиза), врз основа на претходно доставен профил на домашни и/или надворешни експерти што ќе се ангажираат на проектот;
- трошоци поврзани со постапки пред организации, научноистражувачки институти, компании и меѓународни организации поврзани со стекнување сертификати за квалитет, стекнување патенти и други права од интелектуална сопственост, како и други документи поврзани со инвестициските активности, што се издаваат од сертифициран субјект;
- трошоци за договорни услуги за истражување и развој (на пример: тестирање, лабораториски услуги и сл.);
- трошоци за набавка или за изнајмување опрема, ИТ-алатки и друг вид основни средства за ММСП, директно поврзани со реализација на проектот за технолошки развој;
- други трошоци директно поврзани со реализацијата на проектот, освен плати и набавки од домашни јавни претпријатија.

Барателот може да ја користи финансиската поддршка во период до 18 месеци од денот на одобрување на проектот.

**(б) Мерка 2: Посебна (дополнителна) финансиска поддршка за ММСП;**

Поддршката се обезбедува за следниве инвестициски активности и трошоци:

- техничка поддршка од надворешни експерти за подготовка на среднорочни и долгорочни стратешки планови;
- обука за среднорочно планирање на бизнисот (тригодишен бизнис-план);
- подготовка на развојни проекти за деловно поврзување и воспоставување деловна соработка (во период од 3 до 5 години) со странски инвеститори и домашни претпријатија;
- подобрување на организациската структура за задоволување на растот на фирмата;
- специјализирани обуки за менаџмент и обуки за продажба – програми за развој на способностите на тимовите за менаџмент и продажба;
- обука за препознавање таленти (идни лидери) и креирање програми за развој на таленти (идни лидери);
- обука за планирање и контрола на трошоци;
- набавка или изработка на специфичен софтвер поврзан со подобрување на организациската структура и на перформансот или за подобрување на оперативните процеси што ќе ја зголемат продуктивноста и/или процесот на планирање;
- трошоци за техничка поддршка (експертиза), врз основа на претходно доставен профил на клучни домашни и/или надворешни експерти што ќе се ангажираат;
- трошоци поврзани со подготовка и со реализација на обуки;
- други трошоци поврзани со спроведување план за подобрена организациска структура на барателот;

- трошоци за набавка и/или изработка на опрема, софтвер, ИТ-алатки и друг вид основни ИКТ-средства за ММСП директно поврзани со реализацијата на проектот за технолошки развој;
- други трошоци директно поврзани со реализацијата на проектот, освен плати и набавки од домашни јавни претпријатија.

Барателот може да ја користи финансиската поддршка во период до 18 месеци од денот на одобрување на проектот.

**(в) Мерка 3: Финансиска поддршка за подобрување на иновативноста;**

Поддршката се обезбедува за следниве инвестициски активности и трошоци:

- разработка на техничко-технолошките аспекти во развој и во воведување нови производи или услуги;
- значително подобрување на постојните производи или услуги;
- изработка на нови модни колекции;
- изработка на индустриски дизајн или редизајнирање на производите;
- изработка на нова амбалажа;
- изработка на маркетинг планови (анализа на пазари, на конкуренцијата, истражување на производите, продажбата и сл.);
- подобрување на постојните или воведување нов производен процес;
- бруто-плати (за лица ангажирани кај корисникот и кај членовите на конзорциумот), чиј износ треба да соодветствува на воспоставените практики на корисникот пред почетокот на проектот;
- набавка и/или изнајмување опрема и потрошни материјали за истражување и развој;
- поддоговорни услуги за истражување и развој (на пример, тестирање, лабораториски услуги и сл.);
- ангажирање експерти/советници за истражување и развој;
- ангажирање консултанти за други потреби директно поврзани со очекуваните резултати на проектот (експертиза поврзана со иновациски менаџмент, финансиски менаџмент, мобилизација на средства, бизнис-развој, продажба, маркетинг, правни работи, заштита на интелектуална сопственост и друго);
- подготовка и поднесување пријава за патент, заштита на трговска марка и/или индустриски дизајн и други подготвителни активности за регистрација и заштита на правата од интелектуална и индустриска сопственост;
- трошоци за маркетинг и за канцелариска и деловна поддршка во максимален износ од 10 % од вкупниот буџет на проектот.

Барателот може да ја користи финансиската поддршка во период до 24 месеци од денот на одобрување на проектот.

**(г) Мерка 4: Финансиска поддршка за стручно усовршување и практика за нововработени млади лица**

Поддршката од оваа мерка се доделува за стручно усовршување и/или практика за лица до 29-годишна возраст, работно ангажирани кај барателот, најмалку 6 месеци пред поднесувањето на барањето за финансиска поддршка. Поддршката опфаќа покривање на:

- трошоци за стручна обука и практика за нововработено младо лице кај барателот (вклучително и Fast Track Management Programme);
- трошоци за стручна обука и практика за нововработено младо лице во друга компанија и/или организација што обезбедува ваков тип услуги;
- трошоци поврзани со подготовка и реализација на план за зајакнување на стручни и технички вештини;
- трошоци за патување, сместување и храна во земјата и во странство, доколку програмата за стручното усовршување и/или практика се реализира вон местото на живеење на вработениот;
- трошоци за аплицирање, котизација и други надоместоци за учество во програмата за стручно усовршување и/или практика што ги наплаќа организаторот (различен субјект од барателот);
- трошоци за подготовка и полагање испити за добивање сертификати и други документи за успешно реализирана програма и/или практика;
- други директни трошоци поврзани со организација и/или учество во програма за стручно усовршување и/или практика.

Вкупната поддршка под оваа мерка за еден барател може да се користи во период до 24 месеци за едно нововработено младо лице.

**(д) Мерка 5: Создавање амбиент и изработка на законски основи за развој на ризичен капитал и „бизнис-ангели“**

Средствата од оваа мерка може да се користат и преку Фондот за еквити и мезанин инвестиции, основан од Фондот за иновации и технолошки развој со учество до 25% од вредноста на инвестицијата од сопствени средства на барателот, но не повеќе од 30.000.000 МКД. Поддршката преку Фондот за еквити и мезанин ќе се реализира преку аплицирање и евалуација во текот на целата година.

Поддршката од оваа мерка се доделува за подготовка и реализација на проекти за технолошки развој на барателот и ги опфаќа сите трошоци, прифатливи за финансирање под мерките 1, 2, 3 и 4 од оваа програма.

Барателот може да користи финансиска поддршка во период до 36 месеци од денот на одобрување на проектот, со можност за продолжување за уште најмногу 24 месеци.

Оваа мерка не влијае врз условите за користење средства, кои Фондот за еквити и мезанин ги обезбедува од други извори на финансирање.

Мерките од Планот за економски раст, Столб 3, можат да бидат предмет на измена на условите, во согласност со предлозите и со препораките произлезени од консултациите со потенцијалните корисници. Мерките од Планот за економски раст Столб 3 се спроведуваат преку следните инструменти за поддршка:

- ✓ Кофинансирани грантови за технолошки развој;
- ✓ Кофинансирани грантови за подобрување на иновативноста;
- ✓ Кофинансирани грантови за стручно усовршување и практика на нововработени млади лица;
- ✓ Кофинансирани грантови за технолошки развој за надминување на последиците од кризата со КОВИД-19;
- ✓ Кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст.

Условите за користење, критериумите за подобност на апликантите, целта на инструментот за поддршка, износите на поддршка, условите за кофинансирање, како и други услови за секој одделен инструмент се предвидени во рамките на Правилникот за инструментот и тие можат да бидат предмет на промена во зависност од предлозите и препораките добиени од приватниот сектор, како и од другите чинители и партнери на ФИТР.

Како резултат на Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации финансиран преку заем од Светската банка, ФИТР развива и обезбедува финансиска поддршка преку 4 (четири) инструменти за поддршка на приватниот сектор:

1) кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф;
2) кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации;
3) кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори и
4) кофинансирани грантови за технолошка екстензија.

Условите за користење, критериумите за подобност на апликантите, целта на инструментот за поддршка, износите на поддршка, условите за кофинансирање, како и други услови за секој одделен инструмент се предвидени во рамките на Правилникот за инструментот и тие можат да бидат предмет на промена во зависност од предлозите и од препораките добиени од приватниот сектор, како и од другите чинители и партнери на ФИТР.

Со оглед дека „Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации“ финансиран преку заем од Светската банка успешно е завршен на 30 април 2021 година, инструментите на поддршка развиени преку проектот се финансирани преку буџетот на ФИТР.

Во текот на 2024 година, ФИТР планира да објави јавни повици за следните инструменти:

| Бр. | Месец | Квартал | Инструмент | Планиран буџет (ЕУР) | Рок за аплицирање | Објавување на резултати | Очекуван број на поддржани апликации |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Февруари | I | Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва „старт-ап“ и „спин-оф“ | 2,000,000 | 30 | Јуни 2024 | 65 |
| 2 | Март | I | Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации | 8,000,000 | 30 | Јули 2024 | 40 |
| 3 | Април | II | Кофинансисирани грантови за технолшки развој за забрзан економски раст | 5,000,000 | 30 | Август 2024 | 100 |
| 4 | Октомври | IV | Кофинансирани грантови за технолошка екстензија | 1,500,000 | 30 | Јануари 2025 | 5 |
| **ВКУПНО** | | | | **16,500,000** | | | **210** |

**Зајакнување на капацитетите на ФИТР преку техничка поддршка од Светската банка**

ФИТР е корисник на техничка помош „Innovation and Competitiveness Ecosystem TA“ финансирана од британскиот фонд „Good Governance and Investment Climate Reform - (GGICR)“, а неа ја обезбедува Светската банка. Целта на техничката помош е идентификација на активности со кои екосистемот за иновации и компетитивност на ниво на приватен сектор ќе стане поефикасен и покомпетитивен. Целта на поддршката е од корист за економијата на Северна Македонија преку подобрување на способностите на фирмите за иновации, што ќе придонесе за зајакнување на економскиот раст и создавање работни места.

Оваа поширока цел ќе се постигне преку неколку канали:

1. Анализа потребна за да се увиди како да се подобрат инструментите за иновации и институционалната поддршка (компонента 1);
2. Приспособувања во дизајнирањето на инструментите за иновации, со цел да се фокусираат на market failures и на критичните потреби на компаниите (компонента 2);
3. Подобрувања во институционалните структури, правните рамки и капацитетот на владините институции што ги спроведуваат инструментите на поддршка (компонента 2);
4. Подобрувања во правната рамка за ризичен капитал (Компонента 3) и
5. Развој на посилен pipeline од фирми што имаат капацитет за иновација и можат да имаат корист од инструментите, поголема транспарентност, пристап до информации и граѓански ангажман (компонента 4).

Како резултат на техничката помош, ФИТР во соработка со Светската банка ќе продолжи со активностите за основање хибриден инвестициски фонд за поддршка на старт-ап претпријатија и иновативни микро, мали и средни претпријатија, при што менаџирањето на инвестицискиот фонд ќе биде од приватно друштво за менаџирање со фондови. Главната цел на овој фонд ќе биде развој на пазарот на капитал и олеснување на пристапот до финансии за старт-ап компаниите како и развој на еквити финансирањето во Република Северна Македонија. Активностите на ФИТР се планирани да продолжат во текот на 2024 година. ФИТР првично ќе започне со активности на финансирање старт-ап претпријатија од Република Северна Македонија, но во понатамошна фаза ќе се разгледуваат и условите и можностите за проширување на опфатот на финансирање старт-ап компании од земјите од Западен Балкан.

**Развој на нови и подобрување на постојните механизми за поддршка на приватниот сектор**

Покрај веќе развиените видови поддршка, ФИТР во текот на 2024 година ќе работи на обезбедување дополнителна поддршка за развој на следниве сегменти:

- Развој на еквити финансирање односно создавање услови за развој на ризичен капитал преку основање хибриден инвестициски фонд за финансирање во старт-ап претпријатија, но и во микро, мали и средни иновативни претпријатија, при што управувањето со ФИТР ќе биде од страна на приватно друштво за управување со фондови;

- Развој и поддршка на стартапи и иновативни компании што работат на развој на нови напредни технологии (Deep Tech) – ФИТР ќе развие механизам за насочување финансиски средства и активности, со цел обезбедување поголема поддршка на претпријатија што работат на развивање решенија со користење напредни технологии како вештачка интелигенција, роботика, блокчеин, напредни материјали и производство, фотоника и електроника, биотехнологија и сл.
- Развој и поддршка на зелена економија преку финансирање „Green deal“ активности од страна на приватниот сектор;
- Развој и поддршка на социјално (импакт) претприемништво – како резултат на одзивот на предизвикот за социјално претприемништво во текот на 2021 година и нивото на интерес што беше предизвикан во рамките на овој сектор, ФИТР ќе развие механизам за насочување финансиски средства и активности заради обезбедување поголема поддршка на претпријатија што работат во насока на остварување на целите на ОН за одржлив развој (SDGs) односно импакт бизниси;
- Развој и поддршка на програми за подобрување на инвестициската подготвеност на стартапите и иновативните компании и пристап до пазари со опција за кофинансирање инвестиции (1:1) – Врз основа на фидбекот од работењето на акцелераторите и нивните предизвици во изнаоѓање висококвалитетни стартапи за инвестирање, ФИТР ќе развие механизам за насочување финансиски средства и активности за поддршка на развој и спроведување програми за подобрување на инвестициската подготвеност на стартапите и иновативните компании (Investment Readiness) и програми за подобрен пристап до пазари (Access to Markets). Финансирањето на стартапите што ќе поминат низ ваквите програми, ќе зависи исклучиво од тоа дали спроведувачот на програмата или самиот старт-ап ќе успее да привлече средства од приватни инвеститори од земјата и од странство во кој случај ФИТР ќе се јави како коинвеститор и за секое 1 инвестирано евро ќе даде 1 евро во форма на грант.
- Комерцијализација на иновации во земјоделската технологија – Во рамките на инструментот Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации, дел од финансиските средства ќе бидат наменети за поддршка на активности од областа на земјоделската технологија односно агротехнологијата, примената на иновативни практики во примарното земјоделско производство, преработка на земјоделските производи, унапредување на синџирите на набавки, примена на научноистражувачки достигнувања од областа на земјоделството и руралниот развој и воопшто примена на иновативни практики во руралните средини.

## ❖ СТОЛБ 2: ПОДДРШКА ЗА БИЗНИС РАЗВОЈ

### Техничка помош за апликанти и менторска програма за корисници

Во рамките на своите активности ќе продолжиме да обезбедуваме техничка помош и поддршка на приватниот сектор во делот на менторски услуги, со цел понатамошно градење на капацитетите на приватниот сектор.

ФИТР кон крајот на 2023 година ангажираше консултантска куќа која ќе ги реализира менторствата и обуките.

Поддршката се состои во два дела:

**Техничка помош за апликанти**

Техничката помош за апликанти се обезбедува во фаза на аплицирање, при што се обезбедуваат услуги на консултација за одредени теми што се дефинираат според карактеристиките на инструментот за поддршка за кој е објавен повик.

**Менторска поддршка за корисниците на средства**

По потпишувањето договор за финансиска поддршка со ФИТР и по отпочнувањето на реализација на проектот, преку индивидуални консултантски средби се прави процена на потребите на секој корисник одделно и според истата дијагностика се определуваат области на обуките. Списокот на области за менторирање не е ограничувачки бидејќи се развиваат според потребите на компаниите и според меѓународни утврдени практики, како и постојните услови на пазарот.

Менторската поддршка е предвидена да се изведува во текот на 2024 година преку индивидуално менторирање и групни обуки.

**Развој на програма за „насочени" менторства**

Во насока на обезбедување повисоко ниво на квалитет на техничката поддршка што веќе ја обезбедува ФИТР за своите постојни и потенцијални корисници, во иднина ќе се зголемува и опсегот на постојната менторска програма со воведување поддршка за:

- ✓ одбиени апликанти – оние што аплицирале за некој од инструментите на ФИТР, но предлог-проектите не им се одобрени за финансирање, со цел нивна подобра подготвеност за некој нареден повик или друг тип инструмент во иднина, и
- ✓ брзорастечки корисници (scaleups) – група компании од портфолиото на корисници на поддршка од ФИТР, кои ќе бидат идентификувани како брзорастечки со докажан потенцијал за експанзија на странски пазари – со цел да им се олесни и да им се забрза пристапот до пазарот надвор од земјата преку обуки и тренинзи, направени за нивните потреби.

**Програма за корпоративна иновативност**

ФИТР ќе продолжи да соработува со претставници од корпоративниот сектор и да обезбедува поддршка за стартапи преку Програмата за корпоративна иновативност овозможувајќи развој на модели на соработка на големите компании со стартапи и на млади иновативни компании што развиваат иновативни решенија во различни сектори во зависност од потребите на корпоративниот сектор и добиените предлози за соработка со ФИТР. ФИТР ќе продолжи да посредува во процесот на поврзување на веќе етаблирани компании во индустријата со новите млади компании што се обидуваат да се пробијат на истите пазари со нивни иновативни решенија.

**Национална стратегија за вештачка интелигенција**

Врз основа на точка А 96 од Извадокот од Нацрт-записникот од Шеесет и шестата седница на Владата на Република на Северна Македонија, одржана на 20 април 2021 година со бр. 40-17/66, в.д. директорот на Фондот за иновации и технолошки развој на ден 24.9.2021 година

донесе Решение за формирање Работна група за изготвување Национална стратегија за вештачка интелигенција.

Работната група составена од претставници од јавниот, приватниот, академскиот и невладиниот сектор, го одржа својот прв состанок и почна со работа, додека ФИТР оствари низа средби со потенцијални стратешки партнери, донатори и донаторски програми, кои се очекува да придонесат во развојот и во реализацијата на стратегијата. ФИТР ќе продолжи со работа во насока на развој на стратегијата и се очекува да има нејзина драфт-верзија во текот на 2024 година.

ФИТР во насока на подготвување на Стратегијата за вештачка интелигенција ќе соработува со своите партнери од меѓународните организации како Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ), Светска банка и Швајцарската програма за зголемување на пазарната вработливост (Increasing Market Employability Programme) со цел изготвување на Акционен план за активности кои ќе предходат на Стратегијата за вештачка интелигенција.

**Национална стратегија за „паметна специјализација"**

ФИТР во 2023 година во соработка со надлежните институции интензивно придонесе со подготвувањето на Стратегијата за „паметна специјализација". Откако истата ќе биде донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија, со што би се поставиле целите и би се обезбедиле системски услови за создавање, развој и имплементација на иновациите, ФИТР ќе продолжи да игра клучна улога со особен осврт во делот на имплементација на Стратегијата.

**Партнерство со Amazon Web Services**

Фондот за иновации и технолошки развој во 2021 година стана првиот стратешки партнер на Amazon Web Services (AWS) за Северна Македонија. Преку оваа соработка со глобалната водечка клауд (cloud) платформа, корисниците на ФИТР, особено стартапите во државата имаат низа придобивки, меѓу кои и кредити за користење на инфраструктурата на клауд платформата во износ од: 10.000, 25.000 и 100.000 американски долари.

Партнерството со Amazon Web Services за стартапите обезбедува, техничка поддршка при развој на нивните продукти како и пристап до многубројни онлајн едукативни содржини што AWS ги обезбедуваат преку нивните партнери.

Во 2024 година планираме да ја обновиме соработката со AWS, со цел на стартапите што ќе изразат интерес за користење на средствата, да им обезбедиме нови дополнителни услуги и алатки.

**Партнерства со банки**

Во 2021 година ФИТР потпиша меморандуми со 7 банки во државата, со кои се овозможени подобри услови за кредитирање за стартапите. ФИТР продолжи и во 2023 година да воспоставува нови соработки и потпишување на вакви меморандуми со нови банки, заради олеснет пристап до финансирање за старт-ап компании, но и за сите микро, мали и средни претпријатија. Во таа насока, се потпиша меморандум за соработка со Прокредит банка, која разви сцецијализиран „Стартап Пакет" за старт-ап компаниите со низа услуги и бенефиции за

истите. Ваквиот пристап ќе продолжи и во 2024 година, а ФИТР останува отворен за сите банки кои во своето работење се заинтересирани да воведат пакети со поволности за МСП, особено за старт ап компаниите.

**Економски државјанства**

Фондот за иновации и технолошки развој е предвиден како надлежен орган во постапката за утврдување на постоење особен економски интерес во согласност со Уредбата за утврдување на критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување државјанство на Република Северна Македонија („Службен весник на РМ" бр. 9/2005; бр. 161/2012; бр. 255/2019 и бр.42/2021).

Економското државјанство привлекува и овозможува државјанство на искусни и едуцирани инвеститори и претприемачи, а главната цел со оваа уредба е да се привлечат успешни претприемачи и инвеститори, кои ќе бидат вклучени во напредокот на земјата домаќин и во напредокот на економијата. Оваа Уредба е дел од напорите што Северна Македонија ги прави за усогласување кон пристапот на овие програми за да соодветствуваат со политиките на ЕУ, а да добијат повеќе придобивки за своите граѓани и за националните економски цели.

Оваа специфична Програма за државјанство според инвестиции се однесува на инвеститори што вложуваат капитал во инвестициски фонд дизајниран за ексклузивни инвестиции на долгорочна основа во стратешки проекти во Северна Македонија. Покрај тоа, дел од средствата на инвестициските фондови ќе бидат наменети за директна поддршка на стартапи и на иновативни компании, со што дополнително ќе придонесе за развивање на македонскиот пазар на приватен капитал како и на целиот старт-ап екосистем.

Програмите за економско државјанство имаат докажани одлични резултати за земјите што ги применуваат, какви што се Црна Гора, Малта, Кипар, Грција, Турција, Унгарија, Молдавија, Бугарија, Португалија, Велика Британија, Ирска, Канада, Австралија, САД.

Земјите што нудат државјанство со инвестиции привлекуваат големи инвеститори, кои позитивно влијаат врз економијата преку зголемување на БДП, вработувања, зголемување на инвестициското портфолио, даноци и давачки кон државата по разни основи, создавање инвестициски меѓународен/регионален бизнис-инкубатор, како и зголемување на трговската размена со оригиналниот бизнис-хаб на инвеститорот. Земјата домаќин во овие случаи има и индиректни бенефити во однос на користењето на македонски подизведувачи, финансиски сектор и слично.

## ❖ ПАРТНЕРСТВА

ФИТР постојано ќе ги одржува и ќе ги развива новите партнерства со повеќе клучни институции и организации што дејствуваат во ММСП-секторот и во секторот на иновации, истражување и развој преку организација на информативни настани, учество на конференции, работилници, дебати и други активности.

ФИТР ќе ја продолжи соработката со Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија и со Кабинетот на вицепремиерот задолжен за економски

прашања и за координација со економски ресори и инвестиции во насока на спроведување на Планот за економски раст на Владата на Република Северна Македонија.

Активно ќе работиме и на воспоставување регионална соработка и локални партнерства, со цел зголемување на транспарентноста и достапноста на инструментите и програмите на ФИТР на што поголем број иновативни претпријатија како и за општо зголемување на граѓанската мобилност.

## СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ ПАРТНЕРИ

**Македонска банкарска асоцијација:**

ФИТР ја продолжува соработката со МБА (Македонска банкарска асоцијација) врз основа на потпишан меморандум за соработка за активности поврзани со следните цели:

1. Поттикнување и афирмација на активности од заеднички интерес;
2. Промовирање на можноста за финансирање и олеснување на пристап до капитал на микро, мали, средни претпријатија и старт-ап компании;
3. Промовирање иновации и технолошки развој во земјата;
4. Промоција на економски раст и одржлив развој преку поттикнување на претприемачката култура.

**Стопански комори, бизнис-асоцијации и бизнис здруженија:**

Како дел од редовните активности на ФИТР се планира засилување на соработката со стопанските комори во земјата, со бизнис асоцијациите и здруженијата, со цел:

- редовно информирање за активностите на ФИТР,
- соработка во делот на добивање предлози за потребите на приватниот сектор при креирање програми за негова поддршка,
- информирање за резултатите на повиците,
- спроведување заеднички настани заради информирање на членството за можностите за финансирање преку ФИТР,
- други активности поврзани со зајакнување на дијалогот со приватниот сектор.

**Асоцијација на старт-ап заедница на Република Северна Македонија СТАРТАП МАКЕДОНИЈА**

Со цел спроведување и јакнење на меѓусебната соработка, како и насочување на своите напори кон поттикнување и афирмација на областите од заеднички интерес, пред сѐ во областа на иновациската дејност и старт-ап, продолжуваме да ја унапредуваме соработката со Асоцијацијата на старт-ап заедницата на Република Северна Македонија СТАРТАП МАКЕДОНИЈА.

Меѓусебната соработка ќе биде насочена кон развој и унапредување на иновациската дејност и старт-ап заедницата со дигитализација на старт-ап екосистемот и транспарентно достапни податоци. Дел од планираните активности во рамките на овој меморандум се подобрување

на законската регулатива за старт-ап компаниите, изработка на годишно истражување и извештај за прогресот на старт-ап екосистемот, организација на Националниот старт-ап самит како и доближување на старт-ап компаниите до странскиот пазар.

ФИТР ќе воспоставува и ќе одржува соработка и со другите домашни партнери, институции, здруженија, асоцијации, организации и сл. во насока на остварување на главните цели на ФИТР и поддршката на развојот на домашната економија

**Филозофски факултет Скопје**

Врз основа на потпишаниот Меморандум помеѓу ФИТР и Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, наредната година ќе продолжи соработката, чија главна цел ќе биде унапредување на образованието и воведувањето иновации во образовниот процес. Ќе се работи на поддршка на наставно-научни настани што го промовираат концептот на иновативност во образованието, науката и општеството, како и стручна и научна експертиза од доменот на хуманистичките и општествените науки за потребите на Фондот за иновации и технолошки развој.

**ИНОФЕИТ Дигитален иновациски хаб (ДИХ) и Швајцарската програма за зголемување на пазарната вработливост (ИМЕ)**

Со цел воспоставување и унапредување на механизмите за поддршка на процесите на дигитална трансформација кај македонските компании преку воведување и примена на дигитални решенија, ФИТР во септември 2022 година потпиша Меморандум за соработка со ИНОФЕИТ Дигитален иновациски хаб (ДИХ), кој функционира во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје – Факултет за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) и Швајцарската програма за зголемување на пазарната вработливост (ИМЕ).

Преку ваквата соработка се потенцира важноста од дигиталната трансформација на клучните процеси во компаниите, која е од суштинско значење за зголемување на продуктивноста и конкурентноста на македонските компании и економијата во целост.

Во рамките на воспоставената соработка, ИНОФЕИТ беше ангажиран како партнер во мониторирање на имплементацијата на решенијата на добитните апликации од Предизвик „Со дигиталната трансформација до иновација“ кој ФИТР го реализираше заеднички со ИМЕ, чиишто резултати се очекуваат во 2024 година кога проектите треба да се реализираат од страна на 13 добитни компании.

**Регионални бизнис-центри во рамките на Центрите за развој на плански региони**

Врз основа на потпишан меморандум помеѓу ФИТР и Министерството за локална самоуправа во рамките на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој“, ќе продолжи соработката чија главна цел е да се намалат разликите во развојот помеѓу и во рамките на планските региони, што ќе придонесе за подобри услови за живеење на сите граѓани. Во насока на поттикнување рамномерен регионален развој, ФИТР ќе се фокусира на зголемување на неговото присуство и подобрување на пристапот до финансии за потенцијални корисници, надвор од Скопскиот регион во останатите 7 плански региони, преку соработка со постојните канцеларии за развој на планските региони, како и отворање старт-

ап хабови низ целата земја преку моделот на пренамена на објекти во сопственост на државата што не се користат.

**Македонија 2025**

Наредната година ФИТР ќе ја продолжи соработката со „Македонија 2025“ особено во делот на организација и учество на заеднички настани, како и обезбедување менторска и консултантска помош за македонските претпријатија, организација на деловни (B2B) средби и анимирање на дијаспората во насока на потенцијални бизнис-ангели и инвестирање во домашните стартапи и сл.

**Агенција за електронски комуникации (АЕК) / Национален центар за одговор на компјутерски инциденти (MK-CIRT)**

ФИТР во рамките на Меморандумот за соработка со Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) – Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти (MK-CIRT) во текот на 2024 година ќе спроведе заеднички проекти во областа на иновациите и сајбер безбедноста преку користење на постоечките механизми за поддршка на самите институции потписнички на Меморандумот.

**Комисија за хартии од вредност**

ФИТР и Комисијата за хартии од вредност ја продлабочуваат соработката, со цел размена и користење податоци поврзани со приватни инвестициски фондови и поддршка на ФИТР за формирање или учество во приватни инвестициски фондови. Двете институции ќе работат и на утврдување особен економски интерес за стекнување државјанство на Република Северна Македонија според важечките регулативи.

## СОРАБОТКА СО МЕЃУНАРОДНИ ПАРТНЕРИ

**Светска банка**

Соработката со Светската банка продолжува и во иднина во делот на „Innovation and Competitiveness Ecosystem TA“. Соработката не е ограничена само во овој сегмент, туку ФИТР ќе ја задржи стратешката соработка со Светската банка во делот на градење на капацитетите на институцијата, поддршка во развој и финансирање програми за приватниот сектор особено во делот на развој на еквити, финансирање ризичен капитал и слично.

**Делегација на Европската Унија**

Заради остварување на активностите на поддршка на приватниот сектор, ФИТР ја продолжува соработка со Делегацијата на Европската Унија, особено во делот на поддршка на приватниот сектор во спроведување активности поврзани со „EU Green Deal“ (Европскиот зелен договор), но и зајакнување на капацитетите на ФИТР за реализација на активностите поврзани со „Green deal“.

Во 2024 година, ФИТР ќе започне и со спроведување на активностите во рамките на ИПА проектот “Greening Business Facility”, во прва фаза со градење на капацитети, подготовка на програми и политики во износ од 2 милиони ЕУР, а во втора фаза и објавување на грантова шема за поддршка на МСП и нивните “зелени идеи“ со вкупна вредност од 18 милиони ЕУР.

**Европска комисија**

Од 2023 година, во рамките на ФИТР ќе продолжи да функционира Националната контакт точка за Europen Innovation Council – европската програма за идентификација, развој и раст на иновации и нови технологии и Националната контакт точка за European Innovation Ecosystems – европската програма за поврзување и соработка на европските национални, регионални и локални иновациски екосистеми во рамките на Хоризонт Европа. Преку обезбедување информации за можностите што овие програми ги нудат за македонските компании, истражувачки организации и другите чинители на иновацискиот екосистем, ФИТР ќе овозможи дополнителен стимул за искористување на европските фондови и соработка на домашните со европските чинители.

**Европски институт за иновации и технологии (ЕИТ)**

Во 2024 ФИТР ќе оствари соработка со нововоспоставениот EIT Community Regional Innovation Scheme Hub во Република Северна Македонија. ЕИТ регионалната иновациска шема има за цел да ги сподели информациите и знаењето на ЕИТ заедницата и да го поттикне учеството на македонските чинители во активностите на ЕИТ заедниците на знаење и иновации. ФИТР во соработка со назначениот Национален секретар на ЕИТ хабот во Северна Македонија ќе дејствува кон зајакнување на капацитетите на академската заедница, приватниот сектор и граѓанскиот сектор за искористување на можностите кои ги нуди ЕИТ.

Во текот на 2023 година се потпиша и меморандум за соработка со Националниот секретар на ЕИТ во Северна Македонија – Бизнис Акцелераторот БАУ, со цел корисниците на ФИТР да бидат запознаени со можности за финансиска поддршка кои ги нуди ЕИТ во рамките на нивните програми за поддршка. Согласно начелата на Меморандумот, ФИТР и Националниот секртетар на ЕИТ во текот на 2024 година ќе соработуваат во насока на постигнување на целите на Меморандумот.

**Европска фондација за обука (ETF)**

Во рамките на соработката со Европската фондација за обука (European Training Foundation – ETF), во декември 2024 година се организираше Меѓународен настан за вмрежување на земјоделско-прехранбениот сектор од Западен Балкан во Скопје, а на истиот ФИТР беше главен партнер на ETF и домаќин на настанот. Настанот се организираше во рамките на проектот на ETF "Skilling up the Western Balkan agri-food sector: digitalising, greening", чијашто реализација започна во јуни 2022 година. Целта на настанот беше на едно место да се собираат иновативни МСП од земјоделско-прехранбениот сектор, ИКТ секторот, бизнис асоцијации, институции за образование, обука и истражување вклучени во иновации, усовршување и преквалификување на работната сила во подрачјето на Западен Балкан, но и пошироко во европски рамки. Соработката со ETF ќе продолжи со нови активности и во наредниот период.

**Детски фонд на Обединетите нации (UNICEF)**

Во 2023 година ФИТР потпиша со УНИЦЕФ нов Меморандум за соработка за периодот 2023-2025 година за обезбедување континуирана поддршка на спроведувањето на „Програмата за социјално претприемништво за млади – UpShift". „UpShift" ги вклучува младите во општествените процеси со тоа што им дава лидерска позиција во поглед на препознавање на

проблемите во нивната заедница, за потоа заедно со заедницата да создаваат решенија, услуги или производи со кои се адресираат идентификуваните проблеми. Овој „дизајн фокусиран на корисникот“ и учење на претприемништво им овозможува на младите да го развијат критичкото размислување и да се стекнат со вештини на 21 век, кои можат да се применат во сите области на животот.

**Амбасада на Швајцарија**

Со потпишаниот меморандум помеѓу ФИТР и Швајцарската програма за претприемништво (Swiss Entrepreneurship Programme – Swiss EP) на Амбасадата на Швајцарија во Северна Македонија ќе продолжи соработката чија главна цел е поддршка за развој на иновативноста и претприемништвото во земјата, засилување на соработката помеѓу институциите и претприемачите, како и индивидуална поддршка за надградба на институционалните капацитети кои се главни аспекти на овој меморандум. Сето ова ќе се спроведе преку низа активности како менторска поддршка од експерти, обука за подготовка на бизнис-модели и комуникациски стратегии, обезбедување поддршка за бизнис-ангели и инвеститори, како и воспоставување систем за следење на напредокот на компаниите што работат на иновациски проекти и слични активности.

Во 2024 година, ФИТР ќе продолжи да ја продлабочува соработката во рамки на проектите финансирани од Швајцарската агенција за развој и соработка.

**Агенција за меѓународен развој на САД (USAID)**

ФИТР ќе ја продолжи соработката со УСАИД во насока на подобрување на деловниот екосистем, поддршка на претприемништвото и старт-ап бизнисите, сè со цел зајакнување на капацитетите на приватниот сектор и зголемување на неговата конкурентност.

Во 2021 година ФИТР потпиша со УСАИД нов Меморандум за соработка за периодот 2021-2024 година за обезбедување континуирана поддршка на спроведувањето на проектот „Поддршка на претприемничкото образование во Европа и Евроазија – Џуниор ачивмент“. Проектот што го спроведе „Џуниор ачивмент Европа“ цели да ги инспирира и да ги подготви младите луѓе да успеат во глобалната економија преку развој и спроведување програми за претприемничко образование, финансиска писменост и подобра подготвеност за пазарот на труд. Проектот соработува со средни училишта, студенти, наставници, родители и со други организации какви што се бизнис-асоцијации, финансиски институции и водечки компании што сакаат да го поддржат претприемничкото образование во Република Северна Македонија. Проектот го подобрува партнерството меѓу бизнисите и училиштата, со цел создавање генерација млади луѓе способни да применат иновативни пристапи и техники во нивните наставни активности и луѓе што ќе бидат подготвени за современиот пазар на труд.

Соработката со УСАИД во рамките на потпишаниот Меморандум за соработка е предвидена и во Акцискиот план во рамките на Стратешкиот дијалог со САД, како точка 8 од Глава VI (Трговија и инвестиции), планирана за 2023 година. Дополнително, во рамките на Стратешкиот дијалот со САД како мерка 7 е предвидено поврзување на ФИТР со слични установи (јавни или приватни) вклучени во изготвување програми за поддршка за приватниот сектор – стартапи и иновативни компании – во вид на разменување искуства, т.е. споделување на нивните искуства во изготвување и спроведување програми и механизми за поддржување компании во развој, сè со цел да се зајакнат капацитетите на ФИТР и да биде

во тек со најновите американски трендови и практики за обезбедување поддршка за приватниот сектор. Активностите во рамките на Стратешкиот дијалог со САД поврзани со ФИТР ќе продолжат и во текот на 2024 година.

Во рамките на оваа соработка, кон крајот на 2023 година ФИТР и УСАИД преку активноста „Младите кои активно создаваат можности“ објавија заеднички предизвик на темата „Воспоставување на центат за обука за зелени работни места“ (Green Jobs Training Hub) со буџет од 60,000 УСД (40,000 УСД од страна на ФИТР и 20,000 УСД од страна на УСАИД), чијашто главна цел е да бидат обучени преку 200 млади луѓе во државата низ спектар од најмалку две различни зелени работни улоги во текот на времетраењето на проектот и успешно да го олесни отварањето на работни места за најмалку 25% од учесниците. Резултатите од овој повик ќе бидат објавени во првиот квартал на 2024 година.

**Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ)**

Со потпишаниот меморандум помеѓу ФИТР и проектот „ЕУ за економски раст“ (EU for Economic Growth Project – EU4EG) имплементиран од канцеларијата на ГИЗ во Северна Македонија ќе се иницира соработка, чија главна цел е обезбедување поддршка за стартапи и ММСП во целните региони на проектот. ФИТР ќе ги поддржи активностите на проектот EU4EG и ќе придонесе за остварувањето на неговите цели.

ФИТР ќе соработува со ГИЗ во 2024 година и во делот на ангажирање меѓународни експерти за изготвување на стратегијата за вештачка интелигенција.

**Амбасада на Обединетото Кралство**

Соработката со Амбасадата на Обединетото Кралство продолжува и во понатамошниот период бидејќи преку британскиот фонд „Good Governance and Investment Climate Reform – (GGICR)“ е финансирана техничката помош „Innovation and Competitiveness Ecosystem TA“, чија цел е идентификација на активности со кои екосистемот за иновации и компетитивност на ниво на приватен сектор ќе стане поефикасен и покомпетитивен. Целта на поддршката е од корист за економијата на Северна Македонија преку подобрување на способностите на фирмите за иновации, што ќе придонесе за зајакнување на економскиот раст и за создавање нови работни места.

**Регионален совет за соработка (RCC – Regional Cooperation Council) и Светски економски форум (WEF – World Economic Forum)**

Во периодот што следува, ФИТР ќе ја продолжи соработката со Регионалниот совет за соработка (RCC – Regional Cooperation Council) и со Светскиот економски форум (WEF – World economic forum) во рамките на „Innovation and Competitiveness Accelerator“ од Западен Балкан. Во рамките на акцелераторот, ФИТР заедно со економските претставници од Западен Балкан и претставниците од RCC и WEF ќе продолжи со активности поврзани со „Regional Early Stage Innovation Funding Scheme“ односно воспоставување регионална шема за финансирање на претпријатија во рана фаза на развој. Впрочем, оваа активност е и дел од акцискиот план на MAP REA 2021-2024 во делот „8.1 Regional innovation“ како дел од Берлинскиот процес за Западен Балкан.

**Програма за развој на Обединетите нации (УНДП)**

Соработката на Фондот за иновации и технолошки развој со Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), која се зајакна во 2020 година со потпишување на Меморандумот за соработка, ќе продолжи и во текот на следната година. Планирано е продолжување на планираните активности преку засилување на иновациските дејности и воведување иновативни процеси во јавниот сектор, поддршка за раст на микро, малите и средните претпријатија, промоција на истражување и ефективни модели на управување, како и зголемување на соработката меѓу јавниот, приватниот и невладиниот сектор. Двете институции ќе продолжат со поддршка на растот на микро, малите и средните компании преку спроведување иновативни решенија и услуги; соработка со домашните претпријатија за да можат да ги остварат сопствените цели за одржлив развој заедно со развојните агенции и јавните институции; унапредување и промовирање на долгорочниот развој преку технолошки подобрувања и поддршка на развојот на дигиталните вештини што треба да придонесат кон создавање нови работни места, како и вклучување на жените во техничките и природните науки и во комерцијалните проекти за да се намали родовата нееднаквост на пазарот на труд. ФИТР и УНДП ќе продолжат да работат на подигнување на свеста за нови иновативни пристапи, технолошки подобрувања, трансфер на знаење во различни индустрии и промоција на истражувањата меѓу академскиот и приватниот сектор.

**Други партнерства**

Во наредниот период активно ќе идентификуваме нови извори на финансирање и партнерства за учество и спроведување национални и мултинационални проекти.

ФИТР активно ќе учествува на настаните организирани од меѓународните институции, а особено од институциите на Европската Унија надлежни за областа на образование, наука, истражување и иновации, поддршка на приватен сектор какви што се European Investment Bank, European Institute of Innovation and Technology, Joint Research Centre, DG Research and Innovation, European Research Foundation and Education, Audiovisual and Culture Agency и други.

## ❖ ТЕМАТСКИ ПРЕДИЗВИЦИ

Поттикнување на иновативноста во приоритетните области на науката и технологијата, но и на општеството во целина, во согласност со усвоените меѓународни политики и програми како и постојната законска регулатива и Стратегијата за иновации е еден од нашите приоритети.

Поаѓајќи од горенаведеното, во текот на 2024 година ФИТР ќе креира јавни повици за избор на иновативни решенија за предизвици во следните области:

**Зелена економија**

Зелената економија овозможува потенцијал за одржлив развој преку раст кој ќе биде отпорен на деградацијата на животната средина и климатските промени и ќе обезбеди снабдување со храна, вода и енергија за сите луѓе. Таа се темели на шест столба: климатски промени; зачувување и управување со ресурси; циркуларна економија; заштита на животната средина; заштита на екосистемот; зачувување на водата и спречување природни катастрофи.

Согледувајќи ја важноста на развојот на зелената економија, ФИТР ќе продолжи со организација на предизвици што овозможуваат раст на вработувањата и приходите преку инвестиции во решенија и алатки, кои ќе обезбедат намалена емисија на гасови и загадување, зголемена енергија и ефикасност на ресурси и превенција од загуби во биодиверзитетот и заштита на екосистемите.

**Дигитализација**

Поттикнувањето на дигитализацијата на малите и средни претпријатија (МСП) останува еден од врвните прироритети на ФИТР. Дигитализацијата се однесува на интеграција на дигиталните технологии во различни аспекти на деловното работење и може значително да влијае на конкурентноста, ефикасноста и растот на МСП. Во соработка со домашни и меѓународни партнери, ФИТР ќе продолжи да обезбеди финансиска поддршка за дигитализација на МСП со посебно внимание на земјоделието, прехранбената индустрија, туризмот, образованието, климатските промени, итн. Сметаме дека дигитализацијата на економијата ќе придонесе за зголемена конкуретност, воведување на иновации, зголемување на истражувањето, развојот на вештини, проширување на пазарот, намапување на ризиците, креирањето на нови работни места, безбедност на податоците, одрживост на животната средина, како и услогласување со политиките на земјата и светските трендови.

ФИТР ќе ја поддржува дигитализацијата и на јавниот сектор, преку разни иницијативи какви што беа развојот на првиот дигитален асистент во јавниот сектор на база на вештачка интелигенција „АДА“ во соработка со Кабинетот на Заменик Претседателот на Владата задолжен за економски прашања, дигитализација за паметен школски менаџмент на седум училишта и два студентски дома од северо-источниот плански регион во соработка со Министерството за локална самоуправа и дигитализацијата на картотеката на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во соработка со Министерството за култура.

**Сајбер Безбедност**

ФИТР ќе организира предизвик за подигнување на свеста и поддршка на иновации во обласа на сајбер-безбендост и промоција на добри пракси и инкорпорирање на апсектот на сајбер-безбедност кај иновациите во отворена, интероперабилна, безбедна и сигурна инфраструктура.

## ❖ СТОЛБ 3: СТАРТ-АП ЕКОСИСТЕМ

Анализата на портфолиото на ФИТР и трендовите во домашната економија покажуваат дека старт-ап компаниите се носители на развој и иновации во Северна Македонија. Повеќе од 50 % од компаниите поддржани преку инструментите на ФИТР во периодот 2017–2020 година се новоосновани старт-ап компании со вкупен обем на инвестиции од 27 милиони евра.
Поради ова за првпат воведуваме посебен столб за стартапи, преку кој ќе развиваме посебна стратегија, со цел зголемена поддршка за иноваторите и поттикнување раст на бројот на стартапи, кои ќе придонесат кон стабилизација и развој на македонската економија. Целта на овие активности е позиционирање на земјата како регионален старт-ап центар и регионален хаб, каде што младите луѓе ќе може да ги реализираат своите бизнис-идеи.

Оваа цел ќе се постигне преку следните активности:

- **Старт-ап совет** – Во 2021 година беше формирано специјално советодавно тело, чија примарна цел е да ја претставува старт-ап заедницата и да ги застапува нејзините интереси во процесот на креирање и носење политики што треба да придонесат за понатамошен раст и развој на македонскиот старт-ап екосистем. Советот го изработи и првиот документ со предлог-мерки за забрзан раст на стартап екосистемот кој беше јавно објавен, со цел да се мобилизираат клучните чинители во екосистемот во насока на нивна реализација. Главната задача на Советот останува да биде лоцирањето на проблемите и давање предлог-решенија што ќе одговорат на реалните потреби на претприемачите, односно стартапите. Советот останува да биде активен учесник во креирање на идните политики што се однесуваат на овие компании, ќе предложува мерки насочени кон подобрување на организацијата на работењето на јавниот сектор и институциите што ќе резултира во поедноставени процедури и поквалитетни јавни услуги, како и препораки за намалување на товарот и трошокот врз стартапите со интервенции во правната регулатива и законската рамка заради полесен пристап до капитал и негова мобилизација.
- **Стартап хаб** или Хаб за дигитални иновации (DIH) – отворање повик за финансирање хабови низ државата со преадаптација на веќе постојни објекти во државна сопственост, што е дел од долгорочната стратегија на Владата за трансформација на вакви неискористени објекти во соработка со општините. Целта е тие да прераснат во регионални старт-ап центри односно хабови за дигитални иновации, кои ќе нудат простор за работа и место за вмрежување и размена на искуства на старт-ап заедницата и пристап на микро, малите и средните претпријатија (ММСП) до услуги за дигитализација на нивното работење. Дополнително, ќе се работи на воведување ваучер систем за дигитални услуги, кои ќе бидат обезбедени преку старт-ап хабовите или, пак, Хабовите за дигитална иновација, а ќе бидат наменети за дигитализација на работењето на ММСП. Ваучерите ќе можат да се искористат за градење дигитални вештини, за изготвување стратегија за дигитализација, дигитален маркетинг, сајбер заштита и слично. Врз база на искуството од овој проект, во следните три години уште во четири региони ќе се отворат вакви регионални старт-ап хабови, кои ќе имаат за цел поттик на локалниот развој и претприемништво. Оваа активност треба да придонесе и кон подобар регионален економски развој во сите плански региони.
- **Партнерства** – Склучување партнерства и соработка со веќе постојни хабови низ државата за промоција на активностите и програмите на ФИТР. Целта е да се овозможи полесен пристап до програмите и до активностите на ФИТР за да се поттикнат повеќе компании да работат на проекти за развој и иновации и да аплицираат за финансиска поддршка преку инструментите на ФИТР. Дополнително, во рамките на оваа соработка, нашите едукативни и менторски програми ќе бидат достапни до поширок круг потенцијални апликанти и домашни компании.
- **Програма за дигитални номади** – Ова вклучува олеснување на процедурите и на постапките за престој и работа во земјата на претприемачи од странство, со цел да ги привлечеме да дојдат да работат и да живеат во Северна Македонија, позиционирајќи ја како атрактивна дестинација за бизнис поради својата местоположба и услови за живот. За таа цел, ФИТР во соработка со Министерството за внатрешни работи основаше работна група, која работеше на измена на Законот за странци, со што на таканаречените „дигитални номади“, кои ќе ги исполнуваат однапред определените критериуми, да им се овозможи престој и дозвола за работа. Предлогот на законот за

измена и дополнување на Законот за странци беше објавен на ЕНЕР и се очекува да влезе во собраниска процедура во текот на 2022 година. Оваа програма ќе вклучува можност за вадење виза онлајн, олеснети процедури и административна помош, како и поврзување на одобрените странски претприемачи и експерти со македонската старт-ап заедница за размена на знаења, искуства и можност за пристап на странски пазари. Привлекувањето на ваквите таленти, ќе има позитивен ефект врз домашната економија и ќе овозможи поблиска соработка на македонските претприемачи со меѓународни претприемачи.

- **Развој на нова менторска програма за 4 целни групи** – Во рамките на менторската програма за првпат се воведуваат посебни програми специјално креирани и наменети за различни целни групи: потенцијални корисници, активни корисници, апликанти чии проекти не биле одобрени за кофинансирање и корисници со потенцијал за брз раст. Се очекува со ваков таргетиран пристап да се зголеми квалитетот на услугите на ФИТР и квалитетот на поднесените предлог-проекти.
- **Старт-ап самит** – Еднаш годишно ќе се организира самит на кој ќе присуствуваат домашни и светски предавачи, а кој ќе се фокусира на локални и глобални трендови во старт-ап светот, но и во земјава. Овој настан ќе биде можност за размена на искуствата и нивна примена кај домашните компании.

## ❖ СТОЛБ 4: ТРОЕН/ЧЕТВОРЕН ХЕЛИКС СИСТЕМ

Глобалниот иновациски индекс (2023) ја рангира Република Северна Македонија на 54-то место од вкупно рангирани 132 економии, а според Европското иновациско бодување (2023) Република Северна Македонија е квалификувана како „иноватор во најава“ („emerging innovator”) со рангирање под европскиот просек, но со позитивен тренд на напредок.

Развојните трендови покажуваат дека националната економија бележи умерен напредок, по однос на одделните индикатори на овие меѓународни рангирања. Националниот иновациски екосистем продолжува да покажува добри резултати кај извозот на високи технологии, технологии поврзани со животната средина, број на студенти докторанти во странство, популација со стекнат трет степен на образование и вложувања во иновации неповрзано со истражување и развој. Истовремено евидентни се континуирано слабите резултати воспоставување соработки помеѓу приватниот сектор и индустријата како и ниските вложувања во истражување и развој.

За да придонесе кон подобрувањето на идентификуваните слабости што значително влијаат врз интензитетот на иновациската дејност во целокупниот иновациски екосистем, ФИТР ќе спроведува мерки за поттикнување на развојот на троен/четворен хеликс систем, односно за поврзување и поттикнување на соработката помеѓу чинителите на иновацискиот екосистем, со фокус на зајакнување на човечкиот капитал и соработката на образовните институции и академската заедница со приватниот сектор, јавниот сектор и граѓанскиот сектор.

Сите мерки креирани во насока на градење троен/четворен хеликс иновациски екосистем ќе се стремат кон одржлив и трансформативен општествен развој, усогласен со современите глобални развојни трендови. Зелената агенда, дигитализацијата и социјалната кохезија се хоризонтални приоритети што ќе бидат вградени во мерките за поддршка и тие ќе бидат земени предвид при дизајнот и промоцијата на сите активности на ФИТР. Како надополнување, ФИТР ќе спроведува и активности насочени кон промоција на концептот на

„отворени иновации“ и активно вклучување на граѓаните во процесот на идентификација на општествените предизвици и реализација на решенија за нив.

По усвојување на Стратегијата за паметна специјализација, ФИТР ќе преземе иницијативи за адаптација на мерките за поддршка кон приоритетните сектори на специјализација и идентификација на нови иницијативи во согласност со определените приоритетни сектори.

## ❖ ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

Истражувањето преку методологија базирана на човекот, што ФИТР го спроведе во 2019 година, покажа дека охрабрувачки појдовни точки се неколкуте младински програми во земјата, кои имаат покажано позитивни резултати. Сепак, многу од нив се имплементираат на ниво на проект, што претставува тешкотија во поглед на постигнување поголемо влијание што би поттикнало промена на национално ниво. Особено е важно да се идентификуваат проблемите и недостатоците во системот за да се дејствува и да се изнајдат решенија, но, исто така, еднакво важно е да се препознаат позитивните примери, најдобрите практики и научените лекции. Со цел да се подобрат резултатите постигнати преку младинските програми, какви што се „UpShift“, „Junior Achievement” и „Предизвик за млади истражувачи“, потребна е системска сеопфатна поддршка со која ќе се осигури кохезија, конзистентност и одржливост. Недоволниот пристап до информации и можноста соодветно да се идентификуваат потребите и да се чуе гласот на младите луѓе и просветните работници во овој процес е исто така една од позначајните препознаени слабости на системот. Младите луѓе се соочуваат со системски пречки во поглед на нивната добросостојба и оттука потребно е Владата, приватниот сектор, граѓанското општество, како и националните и меѓународните агенции, стратешки да размислуваат за нивната иднина и да им помогнат да го остварат сопствениот потенцијал.

Во денешниот свет на брзи промени во технологијата и глобалната економија, постои реална потреба од високоспецијализирани и флексибилни вештини, но и услови за учениците и за младите луѓе да ги развијат и да ги применат во насока на одржлив и трансформативен развој. Додека образовните системи и економските системи се соочуваат со проблеми во поглед на одржувањето чекор со промените, учениците имаат потреба од образование од кое ќе извлечат применливи знаења, вредности и искуства, а компаниите имаат потреба од пренос на знаење и технологии како и вработени чии вештини и знаења ќе можат да фатат чекор со глобалниот развој. Мерките на ФИТР насочени кон развојот на човечките ресурси и тројниот/четворен хеликс систем целат кон креирање екосистем што одговара на овие потреби.

Во 2024 година ФИТР ќе продолжи да дејствува во насока на обезбедување одржливи механизми и системски пристап во поглед на препознавање и унапредување на способностите на младите луѓе и во спречувањето на одливот на мозоци. Фокусот ќе биде ставен на поттикнување на иновативноста, креативноста, критичкото размислување и вештините на 21 век:

- ќе создадеме интелектуално стимулативна средина и ќе ги подготвиме младите луѓе за иднината преку вештини за решавање проблеми во контекст на свет на брзи промени;
- ќе поддржиме синергија помеѓу различните области на образование и обука;

- ќе обезбедиме платформа што ќе ги поврзе образовниот сектор, бизнис-секторот и граѓанските организации;
- ќе го зајакнеме гласот на младите луѓе.

**Предизвик за млади истражувачи**

Преку „Предизвик за млади истражувачи", ФИТР поддржува истражувачки проекти засновани на научен метод, вклучувајќи аспекти како: тимска работа, инклузивност, социјална кохезија, етика во истражувањето и социо-економска корист.

Во 2024 година ќе биде распишан нов повик за Предизвик за млади истражувачи – 6.

**Поддршка на успешни глобални образовни програми што го поттикнуваат критичкото размислување, иновативноста, креативноста и НТИУМ кај учениците и младите**

Преку поддршката на успешните глобални образовни програми, ФИТР обезбедува одржливост на национално ниво на програмите што се кофинансирани од меѓународни донатори, како и вклучување на македонските ученици и млади луѓе во глобални иницијативи.

ФИТР ќе го продолжи кофинансирањето на „Junior Achievement" и „UpShift" како програми што го поттикнуваат претприемништвото кај младите и компетенциите кај наставниот кадар преку примена на современи образовни методологии и стекнување практични искуства.

Програмата за социјално претприемништво на млади – „UpShift" содржи: 1) учење преку методологија на дизајн фокусиран на човекот; 2) можности за менторирање со цел развивање идеи до нивниот целосен креативен потенцијал, и 3) почетно финансирање заради поддршка и ангажирање млади луѓе.

Целта на Проектот за поддршка на претприемничкото образование во Европа и Евроазија, имплементиран од „Џуниор ачивмент Европа", е да ги инспирира и да ги подготви младите луѓе да успеат во глобалната економија преку развој и спроведување програми за претприемничко образование, финансиска писменост и подготвеност за работа. Проектот соработува со средни училишта, студенти, наставници и родители и со други организации што пружаат поддршка, бизнис-асоцијации, финансиски институции и водечки компании што сакаат да го поддржат претприемничкото образование во Северна Македонија. Проектот го подобрува партнерството помеѓу бизнис-заедницата и училиштата, со цел создавање генерација млади луѓе способни да применат иновативни пристапи и техники во нивните наставни активности и луѓе што ќе бидат подготвени за модерниот пазар на труд.

**Поддршка на научно-технолошката извонредност и претприемништвото кај учениците и младите**

Во зависност од периодот на усвојување на Стратегијата за паметна специјализација, како и динамиката на промена на законската рамка, во периодот 2024-2025 ФИТР ќе ги изработи подзаконските акти и ќе ја тестира мерката за поддршка на научно-технолошката извонредност и претприемништвото кај учениците и младите.

Целта на оваа поддршка е да го идентификува потенцијалот за извонредност и способностите кај учениците и младите за наука, технологија, инженерство, уметност, математика (во понатамошниот текст „НТИУМ") и претприемништво, да ги зајакне нивните знаења и вештини во однос на нивните врсници на светско ниво, да им обезбеди на младите

можности за стекнување меѓународни искуства и учење од своите врсници во светот, како и да им овозможи услови за пренос и примена на овие искуства, знаење и вештини во поширокиот општествен контекст. Преку оваа мерка ќе се финансира подготовката и учеството на македонските ученици, студенти и млади лица на етаблирани меѓународни натпревари и олимпијади.

**Платформа за вмрежување и мобилизирање и рационализација на ресурси**

Во зависност од периодот на усвојување на Стратегијата за паметна специјализација, како и динамиката на промена на законската рамка, во периодот 2024-2025 ФИТР ќе продолжи со изработка на платформа, која ќе има за цел да ги поврзе младите, наставниците, родителите, јавните институции, граѓанскиот сектор, приватниот сектор и донаторите во насока на вмрежување, мобилизирање и рационализација на ресурси. Платформата ќе овозможи функционалности како crowd-funding и resource sharing за полесна реализација на истражувачките и на иновациските иницијативи на учениците и младите.

Платформата ќе понуди преглед на програми, кој на едно место ќе прикаже информации за активности кои ја поттикнуваат креативноста, иновативноста и претприемништвото кај младите, како и стекнување вештини за 21 век. Ваквиот преглед на иницијативите ќе придонесе кон подобра координација помеѓу институциите што ги поддржуваат и ги спроведуваат програмите, ќе го олесни пристапот кон информации за заинтересираните чинители со што ќе ја зголеми видливоста на програмите и ќе влијае врз нивното поуспешно спроведување. Платформата ќе послужи и како основа за понатамошна анализа на постојните програми за идентификација на успешните практики, но и на недостатоците во поддршката.

## СОРАБОТКА ПОМЕЃУ АКАДЕМСКАТА И НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКАТА ЗАЕДНИЦА И ПРИВАТНИОТ СЕКТОР

Со цел да се процени моменталната состојба на националниот иновациски екосистем, во 2019 година беа подготвени три студии на одржливост финансирани од ЕУ во рамките на проектот „Платно за иновации: Пат кон засилување на националниот иновациски екосистем". Една од овие студии, „Студијата на одржливост за креирање и имплементација на инструменти за иновациски политики", имаше за цел да ги анализира постојните мерки за поддршка и да ги идентификува преклопувањата и слабостите во националниот иновациски екосистем. Како главен недостаток меѓу мерките за поддршка на иновации, истражување и развој е идентификуван во трансферот на знаење помеѓу јавниот и приватниот сектор како и соработката помеѓу академската заедница и индустријата. Во таа насока, студијата ги потврдува препораките на ОЕЦД со пристап „чекор по чекор", почнувајќи од повеќе троен-хеликс настани, проследено со ваучери за иновации за соработка од мал обем, а потоа со значителни грантови за соработка на позрели проекти помеѓу бизнисите и академската заедница за кои има изразен интерес кај приватниот сектор. Студијата исто така препорачува ФИТР да преземе функција на поврзување на Министерството за образование и наука, училиштата и универзитетите со бизнис-секторот.

Во зависност од периодот на усвојување на Стратегијата за паметна специјализација, како и динамиката на промена на законската рамка, во 2024-2025 година ФИТР ќе започне со

воведување нови мерки за поттикнување на соработката помеѓу академската заедница и индустријата.

**Национална канцеларија за трансфер на технологии**

Во 2024 година, ФИТР ќе продолжи со активности насочени кон основање Национална канцеларија за трансфер на технологии, која ќе нуди услуги насочени кон поттикнување на соработката меѓу високообразовните, научноистражувачките установи и индустријата. Националната канцеларија за трансфер на технологии ќе нуди услуги поврзани со пристап до финансии, правни и финансиски услуги, права од интелектуална сопственост, иновациски менаџмент и други услуги, кои се однесуваат на процесите на истражување и иновации во насока на овозможување трансфер на технологии и трансфер на знаење помеѓу академската заедница и приватниот сектор.

**Лаборатории за производство „FAB LABS“**

Во текот на 2024 година, ФИТР ќе ја следи и ќе ја поддржи работата на воспоставените лаборатории за производство „FAB LABS“ финансирани во рамките на Предизвикот за воспоставување лаборатории за производство „FAB LABS“ спроведен во 2021 година. Предизвикот има за цел на младите да им овозможи просторни, материјални и технички услови за развивање иновативни производи, услуги, процеси, активности или методологии, со кои се нудат практични и општествено корисни решенија за одредени прашања или проблеми во приоритетни области од науката и технологијата. Истовремено овие лаборатории ќе претставуваат место за соработка помеѓу приватниот сектор, високообразовните и научни установи, претпријатијата и граѓанските здруженија. Лабораториите за производство воспоставени преку овој предизвик се лоцирани во рамките на високообразовните и научноистражувачките установи, исполнуваат определени просторни и технички услови и претставуваат место за игра, креација и пронаоѓање. Овие лаборатории на младите ќе им овозможат пристап до напредни технологии, преку кои тие ќе можат да го материјализираат она што го замислиле, место каде што младите ќе учат и ќе создаваат преку поттикнување на нивната иновативност.

**Лаборатории за истражување, креирање и иновативност „MAKERSPACE“**

Во текот на 2024 година, ФИТР ќе ја следи и ќе ја поддржи работата на воспоставените лаборатории за истражување, креирање и иновативност „MAKERSPACE“ финансирани во рамките на Предизвикот за воспоставување лаборатории за истражување, креирање и иновативност MAKERSPACE објавен во 2022 година. MAKERSPACE е простор отворен за млади креативци и содржи широк спектар на опрема – како вистински инкубатор на знаење и технологија за 21от век. Овде младите ќе добијат бесплатен пристап, менторска поддршка, просторни и технички услови да конструираат прототип на иновативно решение кое ќе можат да го тестираат во лабораториска, во индустриска средина и/или на пазарот. Корисниците на овие лаборатории ќе имаат отворен пристап до сите содржини – од библиотеки, компјутерски мрежи до разни машини и помагала. Лабораториите можат да бидат прилагодени и за потребите на специфични научно-технолошки и/или индустриски сектори.

**ПРОЕКТ „ОДГОВОРИ ЗА ЈАВНИТЕ ПОЛИТИКИ“ – “POLICY ANSWERS”**

Во 2022 година ФИТР започна со спроведување на проектот „Policy Answers” финансиран во рамките на Хоризонт Европа програмата. Проектот го поддржува дијалогот во областа на

политиките за истражување и развој на ниво на Западен Балкан. Покрај поддршка во организирањето на формалните состаноци помеѓу официјалните претставници на земјите на Западен Балкан и претставниците на Европската Комисија, проектот помага при креирањето, спроведувањето и следењето на политиките поврзани со „Агендата за Западен Балкан за иновации, истражување, образование, млади и спорт"; ги јакне капацитетите на релевантните чинители; и пилотира мерки кои ја поттикнуваат научно-истражувачката дејност, иновациите и вештините поврзани со иновации во сите области, со посебен фокус на приоритетните области – дигитализација, зелена економија и здрави општества.

Во 2024 година ФИТР ќе продолжи со спроведување на активностите на проектот согласно одредбите од склучениот Договор за грант. Времетраењето на проектот е четири години, вкупниот буџет на проектот е 5 милиони евра, а проектот ќе биде спроведен од конзорциум кој се состои од вкупно 14 члена предводен од Центарот за социјални иновации од Австрија.

## ❖ СТОЛБ 5: ФИТР ИМПАКТ

**Анализа на портфолио на корисници на ФИТР од приватниот сектор**

ФИТР ќе продолжи да одржува база на корисници за програмите за поддршка на приватниот сектор, со цел увид во вкупното портфолио на ФИТР според различни индикатори:

- Преглед на вкупен износ на финансиска поддршка од ФИТР
- Преглед на вкупен износ на сопствено финансирање од страна на приватен сектор
- Преглед и анализа на корисници според инструмент на поддршка
- Преглед и анализа на корисници според извор на финансирање
- Преглед и анализа на корисници според нивната големина
- Преглед и анализа на корисници според плански региони
- Преглед и анализа на корисници според статус на реализација
- Преглед и анализа на застапеност на жени како сопственици/управители кај корисниците
- Преглед и анализа на корисници според индустрија
- Анализа на поддршка на стартапи во однос на целосно портфолио

Прегледот на целосното портфолио на ФИТР за поддршка на приватниот сектор ќе се надополнува во иднина и со нови индикатори во согласност со потребите за анализа на ФИТР.

**Анализа на финансиски перформанси од работењето на корисниците на ФИТР**

Заради следење на движењата во развојот на претпријатијата корисници на финансиска поддршка од ФИТР, ФИТР ќе продолжи со активностите на анализа на работењето на корисниците. Целта на анализата е согледување на влијанието на финансиската поддршка од ФИТР врз работењето на претпријатијата, како и анализа на трендовите односно на стапките на раст кај корисниците по утврдени индикатори какви што се:

- Стапка на пораст на годишни приходи
- Стапка на пораст на остварена добивка

- Просечно учество на претпријатија што остваруваат добивка во вкупното портфолио на ФИТР
- Стапка на раст во бројот на вработени
- Стапка на раст во просечна исплатена плата
- Стапка на пораст на уплатени средства во буџет врз основа на данок на добивка, трошоци од даноци на плата и надоместоци на плата и придонеси од задолжително социјално осигурување

Анализата на финансиското работење на корисниците може да биде проширена со дополнителни индикатори. Методологијата на изработка може да биде со анализа по повик, анализа според инструмент на поддршка, анализа на работењето на корисници на ФИТР и споредба на резултатите со апликанти што не добиле поддршка од ФИТР и слично, сѐ со цел да се добие увид во ефектите од користење на финансиската поддршка од ФИТР.

## МАРКЕТИНГ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

Во 2024 година ФИТР продолжува со востановениот мултимедијален пристап во информирањето на јавноста и механизми за двонасочна комуникација, со кои се обезбедува подобро реализирање на програмата на ФИТР, односно подигнување на свеста за значењето на иновациите во бизнисот, зголемување на интересот за инструментите за поддршка на ФИТР и подобрување на квалитетот на предлог-проектите што се доставуваат на отворените повици.

Во рамките на активностите за одбележување на 10 годишнината на ФИТР, започна нов ПР проект со подкаст наречен „10/10", кој има цел на модерен начин да ги промовира успешните грантисти на ФИТР, но и инструментите за финансиска поддршка на МСП кои ги има на располагање ФИТР за новите апликанти.

Долгорочната стратегија на ФИТР за инвестирање во вештините на претприемачите и македонскиот старт-ап сектор продолжува преку нови вебинари, панел-дискусии на кои ќе гостуваат светски експерти и познати претприемачи од голем број индустрии.

ФИТР во 2024 година ќе продолжи да работи на програми за унапредување на односите со медиумите, во кои препознава значаен партнер за промоција на своите активности и инструменти. Покрај воспоставената редовна практика за испраќање прес-соопштенија за инструментите за финансиска поддршка и активностите на ФИТР, одделението задолжено за односи со јавност ќе продолжи и со одржување повремени брифинзи и консултации со претставници на медиумите и со новинарите, што се покажа како добра практика во изминатата година.

ФИТР во текот на 2024 година ќе го освежи изгледот на официјалната веб-страница со цел истата да стане подостапна за граѓаните и за корисниците и да понуди полесно интерактивно пребарување податоци. Веб-страницата ќе продолжи да биде достапна на македонски, албански и англиски јазик. На веб-страницата континуирано ќе се објавуваат информации и извештаи за сите настани и активности поврзани со работата на ФИТР, како и содржини поврзани со регулативата од делокругот на работењето на ФИТР.

ФИТР ќе продолжи да работи и на развој на нов пристап во присуството на социјалните медиуми (Фејсбук, Твитер, Линкдин, Инстаграм и Јутјуб) со цел зголемена интеракција и мултимедијална понуда на информации.

Во согласност со годишната програма и глобалните трендови на полето на иновациите, ФИТР во текот на годината ќе организира или ќе коорганизира бизнис-настани, семинари и работилници, со цел трансформација на македонскиот старт-ап екосистем, но и воведување нови технологии и практики во македонскиот приватен сектор.

ФИТР и во 2024 година планира да продолжи да развива соработка со меѓународни и со домашни организации, институции, факултети, амбасади, за спроведување заеднички проекти од истражувачки, развоен и научен карактер; заеднички едукативни и промотивни активности; проширување на мрежата на соработка; стручна помош и анализа на конкретни проекти и потфати, заемна размена на информации, знаења и искуства од областите од заеднички интерес, како и учество, соработка и реализација на заеднички проекти.

Со цел да се информира јавноста и да се поттикнат сите што размислуваат да започнат сопствен бизнис или да аплицираат за финансиска поддршка, ФИТР ќе продолжи да прави промотивни кампањи во кои ќе бидат претставени успешните приказни (проекти) на постојните корисници.

Во насока на реализирање на целите од областа на маркетингот, односите со јавност и јавните комуникации, ФИТР освен посточките капацитети внатре ФИТР во текот на 2023 ангажираше и професионална агенција, преку која на најдобар начин ќе ги комуницира своите вредности, политики и и цели со јавноста. Ваквата соработка со професионална агенција ќе продолжи и во текот на 2024 година.

## НАБЉУДУВАЊЕ И ОЦЕНА (МОНИТОРИНГ НА КОРИСНИЦИ)

Во 2024 година, во согласност со правилата и процедурите што се наведени во правилниците на инструментите за поддршка, предвидено е да се продолжи со следење на напредокот на проектите во насока на спроведување на планираните активности и реализација на предвидените трошоци што се во согласност со одобрениот буџет на проектот како и следење на остварените резултати по завршувањето на проектот преку достава на семестрални и годишни извештаи.

Спроведувањето на проектите од корисниците се следи преку доставените квартални и завршни наративни и финансиски извештаи, како и преку спроведување теренски посети, најмалку еднаш годишно. Имајќи го предвид големиот број постојни корисници, предвидено е да се задржи практиката за ангажман на надворешни ревизорски куќи (избрани по пат на тендер), кои учествуваат во процесот на следење и мониторинг на корисниците на средства според правилата и процедурите на ФИТР.

## ОПШТИ, ПРАВНИ РАБОТИ И ФИНАНСИИ

**УПРАВУВАЊЕ**

Во делокругот на работа на **Управниот одбор** за 2024 година е планирано да се донесат:

- Годишната програма за работа за 2024 година,
- Среднорочна програма за работа за 2024-2026 година,
- Годишниот финансиски план за 2024 година на ФИТР,
- Планот за јавни набавки за 2024 година,
- Годишен извештај за работата на ФИТР за 2023,
- Годишна сметка за 2023 година,
- Годишен ревизорски извештај за 2023 година,
- правилници за нови инструменти,

како и донесување други документи или одлучување за други прашања според Законот, Статутот и општите акти на ФИТР.

Управниот одбор и во оваа година ќе продолжи активно да ја следи реализацијата на програмите и редовното работење на ФИТР.

**Комитетот за одобрување инвестиции** (во понатамошниот текст Комитетот) во текот на целата 2024 година ќе работи на евалуација и ќе ја спроведува постапката на селекција на предлог-проектите планирани во Годишната програма за 2024 година, според Законот за иновациската дејност и подзаконските акти на ФИТР.

Покрај тоа, планирано е Комитетот да одлучува и по барања од корисници за позначајни измени на тековните проекти, промени во сопственичка структура, барања за продолжување рокови за реализација на проекти и други активности што се во надлежност на Комитетот.

## ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

Постојната организациска структура на ФИТР е следнава:



Како резултат на зголемените активности на ФИТР и позиционирањето на ФИТР како водечка институција за поддршка на микро, мали и средни претпријатија, преземени се активности во делот на организациската структура на ФИТР, со цел зајакнување на човечкиот капитал на ФИТР и приспособување на постојната организација на целокупните активности што се спроведуваат во ФИТР.

И во оваа календарска година, вработените на ФИТР ќе се усовршуваат преку обуки, студиски посети на слични институции во странство, семинари, конференции, работни групи, работилници, разни курсеви.

Институционалниот капацитет на ФИТР ќе се гради и преку користење техничка помош од домашни и од странски партнери, како и со ангажирање консултанти во ФИТР, на теми поврзани со тековните потреби на ФИТР.

## ДРУГИ ПРОЦЕСИ

За операциите што се извршуваат во ФИТР, ќе се одржуваат соодветни системи и опишани процеси. Ќе се одржува систем за водење на базата на податоци за корисниците на инструментите од ФИТР и други системи во согласност со препораките на Светска банка.

Во наредната година е предвидена и изградба и континуиран развој на оперативните капацитети на ФИТР, меѓу другото, и за управување со животната средина, правна експертиза во финансиските трансакции, евалуација на интелектуалната сопственост и управување со интелектуалната сопственост, како и следење на резултатите и оцена на влијанието на финансиските инструменти.

### Акредитација во Зелениот климатски фонд

Фондот за иновации и технолошки развој како прва државна институција назначена од страна на Владата на Република Северна Македонија која ќе го отпочне процесот на акредитација кон Зелениот климатски фонд (ЗКФ), во рекордно брзо време ги направи сите подготовки и официјално поднесе апликација за акредитација кон ЗКФ во април 2023 година.

Со успешно завршување на процесот на акредитирање, ФИТР ќе стане прва акредитирана национална институција во Македонија, која ќе овозможи поголем пристап до финансии од ЗКФ наменети за реализирање на климатските програмски приоритети на Република Северна Македонија и поттикнување на иновативни, зелени инвестиции, со целосна сопственост во процесот на климатско финансирање и негово подобро интегрирање со националните акциски планови за клима.

Постапката за акредитација на ФИТР во ЗКФ и во 2024 година ќе добие техничка поддршка од страна на Кабинетот на Заменикот на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија како Национален Координатор за ЗКФ и Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (Food and Agriculture Organization).

## Смарт ФИТР

Со цел дигитализација на сите внатрешни процеси и податоци што ќе придонесе за попрофесионално, поефикасно и побезбедно работење, ФИТР и во 2023 и во 2024 година предвиде средства за јавна набавка - Изработка на информациски систем за дигитализација на ФИТР. Во прва фаза е предвидено да биде дигитализиран процесот на аплицирање на јавните повици на ФИТР, оценувањето на предлог-проектите од страна на стручните лица и од страна на Комитетот за одобрување на инвестиции, генерирањето на извештаи и следење на административната проверка на предлог-проектите. Во втора фаза на развојот на софтверското решение се предвидува да бидат инкорпорирани и модули за мониторинг на корисниците, финансиите, правните работи, човечките ресурси, основните средства на ФИТР, архивското работење, итн. Конечната цел на ваквото решение е СМАРТ ФИТР, а тоа значи сите процеси во ФИТР да се водат преку единствен интегриран систем.

## ФИТР Инфо-Центри

Со цел подобро информирање на јавноста околу мисијата, целите, активности и инструментите за поддршка на компаниите, ФИТР планира да отвори ИНФО-ЦЕНТРИ низ разни градови во државата. Во текот на 2023 година се постигна согласност вакви инфо-центри да бидат отворени во два града, и тоа во рамките на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола и „Универзитет на Југоисточна Европа“ во Тетово. Согласно резултатите од нивното работење, ФИТР понатаму може да продолжи со отворање на инфо-центри и во други градови низ државата. Отворањето и почетокот со работа на двата инфо-центри во Битола и Тетово ќе се реализира во првиот квартал на 2024 година.

## ФИТР Центар за истражување

ФИТР, во согласност со законската регулатива, ќе започне процес на формирање на Центар за истражување во рамките на ФИТР, чијашто основна цел ќе биде спроведување на истражувања во доменот на иновациите и технолошкиот развој. Се планира во Центарот за истражување да бидат ангажирани еминентни професори и научници од областите кои се од интерес за работата на ФИТР.

## Оценување на стручните лица ангажирани од ФИТР

Врз основа на член 25-а од Законот за иновациската дејност, член 7 од Правилникот за начинот на вклучување на работа на стручните лица во работата на Фондот за иновации и технолошки развој и Упатството за начинот на оценување на стручните лица, ФИТР ќе започне постапка за оценување на стручните лица во работата на ФИТР. Откако ќе биде завршен овој процес, ФИТР ќе го ажурира Регистарот на стручни лица.

Со цел зголемување на капацитетот и квалитетот на експерти од разни области кои оценуваат предлог-проекти за потребите на ФИТР, во ноември 2023 се објави нов јавен повик за избор на стручни лица.

## Студентско практиканство во ФИТР

Со цел овозможување на најдобрите студенти во државата да стекнат професионални вештини на работење во една институција, ФИТР во 2024 година ќе ја интензивира програмата за студентско практиканство. Предност ќе се даде на секторите и одделенијата со поголем обем на работни задачи, со цел студентите практиканти да имаат поголема можност за примена на нивните стекнати знаења од формалното образование, развој на нови вештини и поголема успешност на практиканството. Со оваа мерка ФИТР потврдува дека е отворена врата за идните најквалитетни кадри во државата кои сакаат својата професионална кариера да ја градат во динамична институција како што е ФИТР.

## Систем за плагијатура

Во текот на 2024, ФИТР планира набавка на систем за плагијатура, со цел поквалитетна и поверодостојна проверка на оригиналноста на проектите на апликантите, особено во сегментот на иновативноста на истите.

## ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа годишна програма влегува во сила од денот на објавувањето на огласната табла на ФИТР, а ќе се објави по добивањето согласност од Владата на Република Северна Македонија.

**Дел. бр.** 01-1300/5
04.01.**2024 година, Скопје**

**Претседател на Управниот одбор**
**на Фондот за иновации**
**и технолошки развој**

**Моника Младеновиќ**

Врз основа на член 30 став 6 алинеја 4 од Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/13, 137/13, 41/14, 44/15, 6/16, 53/16, 190/16 и 64/18), Управниот Одбор на Фондот за иновации и технолошки развој на седницата одржана на 04.01.2024 година ја донесе следната

**Одлука**

**за донесување на Годишната програма за работата на Фондот за иновации и технолошки развој за 2024 година**

Член 1

Со оваа Одлука се донесува Годишната програма за работата на Фондот за иновации и технолошки развој за 2024 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

Број 02-1300/4
04.01.2024 година
Скопје

Претседател на Управен одбор
на Фонд за иновации и технолошки развој
Моника Младеновиќ